РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KSHPK
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1718/3
27-11-2024

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 10-тата седница одржана на ден 08.11.2024 година донесе

Одлука

Постапката по предмет со број 08-4225/1 од 30.10.2021 година, **СЕ ЗАПИРА.**
Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот број 08-4225/1 од 30.10.2021 година.
Предметот со број 08-4225/1 од 30.10.2021 година да се затвори и да се архивира.
Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 08-4225/1 од 30.10.2021 година е оформен по сопствена иницијатива.
ДКСК на колегиум одржан на 20.09.2021 година заклучи да изврши проверка во изданијата на Службен весник на РСМ во 2021 година, и да утврди кои лица се избрани/именувани лица односно на кои лица им престанала функцијата и да се направи увид во евиденцијата на ДКСК за да се утврди кои лица не ја исполниле законската обврска за поднесување анкетен лист до ДКСК по избор/именување односно престанок на функција.
ДКСК од извршениот увид во својата евиденција констатира дека лицето ---------- ---------- во законски предвидениот рок по престанок на функцијата член на управен одбор во ----------, не поднела анкетен лист до Државната комисија за спречување на корупцијата со што постапило спротивно на член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на член 114 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ДКСК на именуваното лице му издаде и достави прекршочен платен налог.
Од страна на именуваното лице не е постапено по однос на издадениот прекршочен платен налог по што ДКСК поднесе барање за поведување прекршочна постапка со број 08-1718/1 од 05.06.2024 година до Прекршочната комисија при ДКСК.
Прекршочната комисија при ДКСК донесе РЕШЕНИЕ со број 08-1718/2 од 11.06.2024 година во кое сторителот ---------- е прогласена дека Е ОДГОВОРНА.
ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.
Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изработил: м-р Б.С советник
Контролирал: Б.Ц., член на ДКСК

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје

Претседател,
Татјана Димитровска